**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**Наставна програма**

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ДРУГИТЕ ЗАЕДНИЦИ

## за II година

### гимназиско образование

**Скопје, 2025 година**

# ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | ***Македонски јазик за учениците од другите заедници*** |
| **Вид/категорија на наставниот предмет** | Задолжителен |
| **Година на изучување** | II (втора) |
| **Теми/подрачја во Наставната програма** | • ***Јас и светот околу мене***<br>• ***Читањето книги – пат кон разбирање на светот и човекот***<br>• ***Слободното време како простор за личен развој и изразување*** |
| **Број на часови** | 2 часа неделно, 72 часа годишно |
| **Опрема и средства** | • Техничка опрема во училницата: електронска табла, училишна табла, компјутерска технологија, печатач.<br>• Средства и ресурси за учење: фотографии, слики, плакати, постери од книжевници, шеми и прикази за наставниот материјал, паноа кои го следат материјалот по подрачја; речници, правопис, енциклопедии, книги, едукативни софтвери, снимки од нарации, аудиовизуелни снимки.<br>• Библиотека во училницата, училишна библиотека. |
| **Норматив за наставниот кадар** | Настава по предметот Македонски јазик за учениците од другите заедници во средно гимназиско образование може да реализира лице кое завршило наставна насока на студиските програми:<br><br>• Македонски јазик и книжевност VII/1 или VI A, т. е. 240 кредити.<br>• Македонски јазик и јужнословенски јазици VII/1 или VI A, т. е. 240 кредити.<br>• Македонски јазик и јужнословенски јазици со македонска книжевност и јужнословенски книжевности VII/1 или VI A, т. е. 240 кредити;<br>• Македонска книжевност и јужнословенски книжевности со македонски јазик VII/1 или VI A, т. е. 240 кредити. |

| | |
|---|---|
| | • Македонска книжевност и култура VII/1 или VI A, т. е. 240 кредити.<br>• Општа и компаративна книжевност VII/1 или VI A, т. е. 240 кредити.<br><br>**Забелешка:** Лицата кои завршиле применета насока од наведените студиски групи и се здобиле со педагошко – психолошка и методска доквалификација можат да реализираат настава по предметот Македонски јазик за учениците од другите заедници во средното гимназиско образование. |

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕТО

Тема: ***ЈАС И СВЕТОТ ОКОЛУ МЕНЕ***

Вкупно часови: **25**

**Резултати од учење**

Ученикот/ученичката ќе биде оспособен/-на да:

1. разбира и објаснува текстови поврзани со културата и традицијата во секојдневието, препознава главни идеи, пораки и ставови на ликовите и ги поврзува со сопствени културни искуства и вредности;
2. се изразува усно и писмено, користејќи соодветни јазични структури (именки, придавки, глаголи, прилози, заменки, броеви) за опишување, раскажување и изразување личен став во контекст на културни и општествени теми;
3. го применува знаењето за граматичките категории на именките, глаголите и придавките при создавање усни и писмени искази, почитувајќи ги правилата за род, број и определеност;
4. ги разбира и користи формите на глаголските времиња (минато определено несвршено и свршено, сегашно и идно време) за изразување дејства, ставови и мислења во секојдневни и општествено значајни ситуации;
5. создава кратки и едноставни текстови со граматички и лексички точна структура и користи прилози, предлози и прашални зборови за поврзување на речениците и збогатување на изразот;
6. го разбира и објаснува значењето на зборови од културен и традиционален контекст (празник, обичај, наследство, вера, народ) и ги користи во лични искази што изразуваат почит, разбирање и прифаќање на различноста;
7. чита и слуша со разбирање текстови на конкретни теми, ги издвојува основните информации, препознава тема и главна идеја и точно одговара на поставени прашања;

| 8. ги применува правилата за третосложно акцентирање и за употреба на интерпункциските знаци во усна и писмена комуникација и создава јазично точни и разбирливи искази. | |
|---|---|
| **Содржини  ( и поими)** | **Стандарди за оценување:** |
| **а) Јазични функции**<br><br>**Семејството – мојата сила и мојот мир**<br>*Пример:*<br><br>*Семејството е моето прво училиште, мојот најсигурен дом и мојата најголема поддршка.*<br><br>*Мајка ми е мојата сила и тивка инспирација.  Татко ми е пример за упорност – од неговите зборови: „Никогаш не се откажувај", научив дека трудот секогаш се исплаќа.*<br><br>*Елена: Ема, што е ќерко? Доцна е, а ти сè уште работиш.*<br><br>*Ема: Утре имам важен испит. Цртам, но не ми оди сè по планот. Страв ми е дека нема да успеам.*<br><br>*Елена: Обиди се да се сконцентрираш. Ако вредно работиш, ќе постигнеш резултат.*<br><br>*Никола: Носам сок, малку да се освежиш. Запомни дека оценките се важни, но не поважни од твојот мир.*<br><br>*Мојата сестра (или брат) е мојата најдобра пријателка. Најмногу сакам кога сме сите заедно – за време на празници или попладне во недела кога ручаме и разговараме.* | • Слуша и разбира усни и аудиотекстови и точно одговара на прашања поврзани со културата и традицијата во секојдневието.<br>• Препознава главни идеи, ликови, ставови и основни пораки во слушан и читан текст.<br>• Користи минато определено свршено и несвршено време во усни и писмени искази поврзани со културата и традицијата.<br>• Преведува кратки и тематски поврзани текстови од македонски на мајчин јазик и обратно.<br>• Објаснува главна порака во краток пишуван текст со поддршка (прашања, клучни зборови, насоки).<br>• Учествува во структурирана дискусија за општествени и културни теми (семејство, пријателство, традиција, толеранција).<br>• Разликува факти од мислења и препознава емоционален тон во говор и текст.<br>• Поставува прашања, изразува лично мислење и сумира содржина во краток усмен или пишан исказ.<br>• Составува реченици и пократки текстови со точна употреба на прилози, глаголи, броеви, показни заменки, именки и придавки.<br>• Препознава и кратко објаснува тема и порака на текст.<br>• Објаснува однесување и ставови на ликовите користејќи соодветна и изучена лексика.<br>• Поврзува информации од текст со сопствено искуство преку едноставен усмен или писмен исказ. |

| | |
|---|---|
| *Ерјона: Хана, повторно се скарав со мојата најдобра другарка. Ми рече дека не сака да зборува со мене.*<br><br>*Хана: Еј, сестричке немој да се грижиш! Понекогаш пријателите се лутат, но само вистинските пријатели се помируваат.*<br><br>*Ерјона: Што ако не сака да ми прости?*<br><br>*Хана: Тогаш ќе откриеш дека не ти е вистинска пријателка, но не се секирај оти ме имаш мене. Ние не сме само сестри, ние сме и најдобрите пријателки.*<br><br>*Ерјона: Колку сум среќна што те имам! Сега знам со кого можам да ги споделам тажните и среќните моменти од мојот живот.*<br><br>*Семејството ме учи да бидам човек. Да простувам, да помагам и да сакам. Затоа секогаш велам –* ***среќата не е во тоа колку имаш, туку со кого ја делиш.***<br><br>*Простувањето е подарок.*<br><br>*Мила: Петар, зошто ми ја скрши омилената играчка, што ми беше подарок од баба?*<br><br>*Петар: Не сакав, случајно ја скршив. Ми падна од рака додека трчав.*<br><br>*Мајката: Деца, расправиите се дел од животот, но поважно е да научиме да се помируваме.* | • Препознава културни и општествени вредности во текстот (семејни односи, традиции, толеранција).<br>• Учествува во дијалог, разменува мислења и изразува почит и разбирање кон соговорникот.<br>• Опишува семејни, културни и општествени ситуации со соодветна лексика и јазични структури.<br>• Изразува личен став и дава предлог, кој го образложува со едноставен аргумент. |

| | |
|---|---|
| *Таткото: Помирувањето значи да им дадеме шанса на љубовта и разбирањето.*<br><br>*Мила: Ти простувам и знам дека не си ја скршил намерно. Мамо и тато, благодарам што ме учите да простувам.*<br><br>***Мојот чекор кон подобро општество***<br><br>*Пример:*<br>***Секоја промена почнува од мене***<br>*Понекогаш го гледаме светот околу нас и се прашуваме: Зошто ништо не се менува? Зошто луѓето не се подобруваат? Најверојатно, вистината е дека секоја голема промена почнува со мал придонес на секој човек. Светот ќе го сменам кога ќе одлучам да бидам подобра, да ги слушам другите со разбирање и да научам да простувам. Светот не се менува само со зборови туку и со секојдневно дејствување.*<br>*Ана: (набљудува како исмејуваат ученик) Зошто не се вмешав?*<br>*Милан: (шепнува) Страв ми е да не бидам и јас цел на исмејување.*<br>*Ана: Ако сите мислиме така, ништо нема да се промени во светот.*<br>*Наставник/наставничка: Убаво кажуваш Ана, промената започнува со твојата храброст. Заедно треба да го направиме светот да биде подобар.*<br>**Пријателството не познава различност**<br>*Пример:*<br><br>***Во училишниот двор*** | |

| | |
|---|---|
| ***Мартин:*** *Го видов новиот ученик, не зборува многу.*<br>***Милица:*** *Да, тој е нов, дојден е од друго место. Мислам дека му треба малку време.*<br>***Мартин:*** *Можеби, ќе му биде полесно ако му пријдеме.*<br>***Јована:*** *Токму тоа мислев и јас. Кога некој ќе те прифати, се чувствуваш дел од групата.*<br>***Мартин:*** *Е, тоа е вистинската сила — кога не оставаш никого сам.*<br><br>**Силата е во прифаќањето**<br><br>*Пример:*<br><br>***Ана:*** *Знаеш, мене ми е интересно што ти секогаш славиш различни празници од моите.*<br>***Лејла:*** *Да, кај нас традициите се малку поинакви. Но секогаш ме радува кога и ти се интересираш за нив.*<br>***Ана:*** *Па, така учам нешто ново. И мислам дека токму тоа е убавината – кога се почитуваме, а не кога се менуваме.*<br>***Лејла:*** *Точно! Силата не е во тоа да бидеме исти, туку да се прифатиме такви какви што сме.*<br><br>***Различни, но пријатели***<br><br>*Пример:* ***Разговор по часот***<br><br>***Сафет:*** *Денес, професорката зборуваше за толеранција.*<br>***Ивана:*** *Да, и најмногу ми се допадна кога рече дека прифаќањето не значи да се согласуваш со сè, туку да го разбереш другиот.*<br>***Сафет:*** *Точно. Мислам дека тоа е тешко, ама потребно.*<br>***Ивана:*** *Кога прифаќаме, тогаш градиме доверба. Без тоа, нема вистинско пријателство.* | |

| | |
|---|---|
| ***Наследство што нè обликува – културата и традицијата во нашето секојдневие***<br><br>*Пример:*<br>*Препознавање на елементите на културната традиција значи да ги забележиме и разбереме обичаите , симболите и вредностите што се дел од еден народ. Тоа ни помага подобро да ги разбереме потеклото и идентитетот на еден народ. Преку* ***празниците, семејните обичаи, народните ора, јадењата и занаетите****, ја препознаваме културата што сме ја наследиле од нашите предци. Кога ќе слушнеме народна песна или ќе видиме народна носија, можеме да препознаеме дел од традицијата. Со почитување на овие елементи, ние ја чуваме традицијата и ја пренесуваме на идните генерации.  На тој начин, покажуваме од каде потекнуваме.*<br>***Ема****: Минатата недела, со татко ми зборувавме за културното наследсво. Многу ми беше интересно кога разбрав колку многу оставиле нашите предци.*<br>***Филип****: Да, и јас сфатив дека културното наследство е врската меѓу минатото и сегашноста. Без него не би знаеле кои сме и од каде потекнуваме.*<br>***Ема****: Тоа не се само споменициите и старите градби туку и песните, јазикот, обичаите и традицијата што ја негуваме во нашите семејства.*<br><br>*овде кај Филип раскажувањето е во минато, овие празници сè уште се слават, знам дека е за употребата на минато, ама некако не оди* | |

| | |
|---|---|
| ***Филип**: Кога пречекував гости за Велигден, сфатив дека подготовките на традиционалните јадења за тој празник претставуваат дел од моето културно наследство.*<br>***Ема:** Минатото лето, кога ги посетив знаменитостите во Охрид, согледав колку е богата нашата традиција. Дали и ти имаш таков впечаток?*<br>***Филип**: Да, и мислам дека културното наследство е нашата душа. Дали мислиш дека младите доволно се запознати со неговото значење?*<br>***Ема:** Кога разговарав со татко ми, токму зборувавме и за таа тема. Ние растеме под влијание на глобалната култура и модерните трендови и доколку не разговараме на час и со нашите најблиски, ќе се оддалечиме од нашата традиција.*<br>***Лиридон**: Минатата недела, на часот, зборувавме за албанската традиција. Колку била богата и разновидна.*<br>***Ерјона**: Да, нашите обичаи се стари и многу убави. Најмногу ми се допаѓаат свадбените обичаи.*<br>***Лиридон:** И мене ми се допаднаа тие обичаи на свадбата на која бев минатиот месец. Жените носеа шарени носии, со многу украси, а мажите бела облека и ќече. Сето тоа изгледаше многу убаво.*<br>***Ерјона**: Дали се сеќаваш како си поминавме на Бајрам кај баба?*<br>***Лиридон**: Да, најмногу јадев од назлифатмите што ги направи таа.*<br><br>***Интервју***<br>***Петар:** Бабо, може ли да ти поставам неколку прашања за обичаите поврзани со празниците?* | |

| | |
|---|---|
| ***Баба**: Секако, многу сакам да зборувам за празниците.*<br>***Петар:** Кои празници се најважни за нашето семејство?*<br>***Баба:** Најважни се Бадник,  Божиќ, Велигден и нашата семејна слава Митровден. Нив секогаш ги славиме заедно со најблиските.*<br>***Петар**: Можеш ли да ми раскажеш кои се обичаите поврзани со овие празници?*<br>*Исто и овде во одговорите на бабата и дедото*<br>***Баба:** Секако, мил внучко. За овие празници, подготвувавме празнични јадења. На Бадник, се собиравме на заедничка вечера и според обичајот, оваа вечер не одевме на гости. Правевме богата, посна трпеза и лепче со паричка. Божиќ е највеселиот празник кога сите празнувавме на богатата трпеза. Најстариот празник Велигден го чекав со нетрпение. Особена радост ми претставуваше обичајот кршење со јајца. За празничните денови, целото семејство се соединуваше и заедно празнуваше. Секогаш се радувавме и на новата, свечена облека што ја чувавме за празничните денови.*<br>***Петар:** Зошто е важно да ги негуваме обичаите?*<br>***Баба:** Тие го чуваат нашето културно наследство и ни покажуваат кои сме и од каде доаѓаме. Ако не ги негуваме, ќе се изгубат.*<br>***Петар:** Благодарам бабо, многу ми помогна да научам за нашата културна традиција.*<br><br>***Медина**: Здраво дедо, може ли да те прашам за албанските верски празници?*<br>***Дедо:** Секако, би сакал да зборувам за тоа.*<br>***Медина**: Кои празници се најважни?* | |

| | |
|---|---|
| ***Дедо**: Најважни се Бајрам и Рамазан. Нив секогаш ги славиме со целото семејство.*<br>***Медина:** Што е карактеристично за нив?*<br>***Дедо**: За Бајрам, се облекувавме во нова и свечена облека и одевме кај роднините. Подготвувавме и традиционални јадења – баклава и назлифатми. За Рамазан, постевме, а јадевме  на ифтар.*<br>***Медина**: Зошто е важно да се чуваат овие обичаи?*<br>***Дедо:** Затоа што тие ја чуваат нашата вера, го обединуваат семејството и ја одржуваат културната традиција.*<br>***Медина**: Благодарам дедо, убаво си позборувавме.* | |
| **б) Лексички единици**<br>**Именки:** семејство, сила, мир, училиште, дом, поддршка, мајка, татко, сестра, баба, дедо, брат, инспирација, упорност, труд, мир, другарка, пријатели, среќа, подарок, расправии, љубов, општество, промена, свет, луѓе, вистина придонес, страв, храброст, различности, празници, традиција, толеранција, доверба, пријателство, наследство, култура, традиција, обичаи, симболи, вредности, народ, потекло, предци, вера.<br>**Глаголи:** научив, запомни, грижиш, лутат, помируваат, прости, откриеш, помагам, делиш, гледаме, прашуваме, менува, исмејуваат, прифати, чувствувам, сфатив, слави, радува, интересира, согласуваш, разбереш, градиме, наследиле, идентификува, потекнуваме, оддалечивме.<br>**Придавки:** важен, поважен, најсигурен, најдобра, вистинските, среќните, тажните, омилената, подобро, полесно, поинакви, народно, семејни, богата, разновидна, тивка, новиот.<br>**Прилози:** никогаш, секогаш, малку, многу, понекогаш, тешко, вредно. | • Препознава и разликува именки, глаголи, придавки, заменки и прилози поврзани со темите: семејство, пријателство, култура, традиција и толеранција и го разбира нивното значење.<br>• Го разбира значењето на зборовите во контекст и ги користи во соодветни комуникациски ситуации (разговор, состав, дијалог, интервју).<br>• Ги разликува зборовите со синонимно и со спротивно значење (на пр., среќа – тага, сила – слабост, пријател – непријател).<br>• Употребува лексички единици за изразување чувства, ставови и вредности (на пр., љубов, почит, храброст, доверба).<br>• Ги применува формите на именските зборови во познати комуникациски обрасци и користи правилни јазични структури.<br>• Го разбира значењето на зборовите поврзани со културниот и традиционалниот контекст (празник, обичај, наследство, вера, народ).<br>• Употребува соодветна лексика при опис на семејството, пријателството, различноста и културните вредности. |

| | |
|---|---|
| **Сврзници**: бидејќи, зашто, и, па, значи, за да, кога, доколку, така што, иако, ако. | • Составува и употребува искази со точна лексика и користи правилни личноглаголски форми во сегашно, идно и минато определено свршено и несвршено време.<br>• Формулира јазично точни реченици користејќи сврзници и предлози (и, или, а, туку, но, додека; на, во, под, над, до, со, за). |
| **в) Граматички структури**<br>**Морфологија**<br>• Именки<br>Род, број и определеност<br>• Придавки – определеност и степен<br>*Почитувам толерантни и разумни луѓе.*<br>*Најсреќна сум кога сум со семејството.*<br>• Минато определено несвршено и свршено време<br>*Ние покажавме голема толеранција во дебатата за различноста*.<br>*Му реков дека е најверен пријател.*<br>• Прилози<br>Време: *Секогаш го почитувам различното размислување.*<br>Количество: На час по предметот Граѓанско образование, малку зборувавме за влијанието на младите во општеството.<br>Начин: Работеше вредно за да постигне успех.<br>Прилози: овде, онде, ваму, таму, мирно, спокојно, задоволно, храбро, доволно, недоволно, малку, многу, успешно, доброволно, вредно, одговорно, пријателски, правилно, двојно... | • Ги разликува граматичките категории на именките, глаголите и придавките.<br>• Користи именки во соодветен број и препознава природен и граматички род.<br>• Правилно ги употребува наставките за род и број кај именките и ги споредува со формите во мајчиниот јазик.<br>• Разликува и користи именки во соодветна еднина и множина во усна и писмена комуникација.<br>• Наведува примери и составува искази со две или три придавки и именка, усогласени според род, број и определеност.<br>• Ја разликува категоријата вид кај глаголите (свршен и несвршен) и ги употребува во усна и писмена комуникација.<br>• Ги употребува простите глаголски форми за изразување личен став и општествена одговорност.<br>• Препознава и наведува примери за употреба на минатото определено несвршено и свршено време за искажување готовност, услов и повторливост.<br>• Формулира реченици со точна употреба на предлози при говорење и пишување. |

| | |
|---|---|
| • Сврзници и предлози: (и, или, а, па, зашто, туку; на, во, под, над, до, кон, врз, заради, меѓу... )<br>• Прашални зборови и изрази: дали; што, кој; каде, кога, колку, зошто, како, каков, на кој начин.. | • Пишува краток текст со примена на граматичките правила за употреба на именки, глаголи и придавки, како и на сегашно, идно и минато определено свршено и несвршено време по лице и број.<br>• Користи соодветни прашални зборови при поставување прашања во дијалог и текст.<br>• Ја разбира и применува улогата на прилозите и предлозите за појаснување на дејството и збогатување на изразот. |
| **Читање со разбирање и пишување**<br>• Читаме за да ги разбереме вредностите во народните приказни<br>• Извлекување порака од прочитан текст и поврзување со личното искуство<br>• Изразување мислење, вредносен став, благодарност/почит во писмена форма | • Ги применува правилата за третосложно акцентирање во усна комуникација.<br>• Чита со разбирање кратки и средно долги текстови и одговара на прашања поврзани со конкретна тема.<br>• Точно ги применува правилата за употреба на интерпункциските знаци во пишан текст.<br>• Опишува лични ставови и чувства и разликува факти од мислења во текстови поврзани со културното наследство, сопственото место во општеството и влијанието на семејството, училиштето и пошироката околина.<br>• Ги издвојува основните информации од прочитан или слушнат текст и препознава тема и главна идеја.<br>• Објаснува и коментира заклучоци од прочитан текст со поддршка (прашања, насоки, примери).<br>• Пишува едноставни и кратки текстови за зададени теми и активности, почитувајќи ја основната структура на текстот (вовед, главен дел и заклучок). |
| **Примери за активности:** | |

**Индивидуални активности:** Учениците/ученичките преку цртеж, песна или краток текст претставуваат елементи на културното наследство, користејќи соодветна лексика и јазични структури. Учениците го образложуваат својот избор со неколку реченици.

**Квизови:** Поделени во мали групи, учениците/ученичките учествуваат во квиз со прашања поврзани со текстот *Различни, но пријатели*, со цел проверка на разбирањето и јазичните знаења.
Преку алатката Kahoot, учениците ги проверуваат знаењата по јазик (лексика, граматика, разбирање). Преку платформата Wordwall, учениците/ученичките поврзуваат слики и поими што се однесуваат на сличности и разлики меѓу културите.

**Креативни активности:** Поделени во групи, учениците/ученичките изработуваат постер, краток текст или поетска творба на тема поврзана со сопственото место во општеството, културните вредности или толеранцијата. Работејќи во парови, ги презентираат и образложуваат своите идеи пред класот. Во помали групи, изработуваат проектна задача, при што преку интернет истражуваат податоци, ги проверуваат информациите и го објаснуваат нивното значење.

**Практични активности:** Учениците/ученичките препознаваат и коригираат грешки во даден текст со намерни грешки, со примена на минато определено свршено и несвршено време.
Учениците подготвуваат прашања за интервју со наслов *Наследство што нè обликува – културата и традицијата во нашето секојдневие*, го спроведуваат интервјуто во класот или во семејството и изработуваат краток писмен извештај врз основа на добиените одговори.

Тема: ***ЧИТАЊЕТО КНИГИ – ПАТ КОН РАЗБИРАЊЕ НА СВЕТОТ И ЧОВЕКОТ***
Вкупно часови: **25**

**Резултати од учењето:**

Ученикот/ученичката ќе биде оспособен/-на да:

1. ги применува правилата за третосложно акцентирање и основните граматички структури во усна и писмена комуникација, користејќи соодветни глаголски форми, правилно согласување на именки и придавки и соодветна употреба на прилози;
2. ги разбира суштината и пораката на слушани и читани текстови поврзани со читањето и книжевноста, препознавајќи клучни информации, главни идеи, ставови и комуникативен контекст;
3. применува правилен зборовред, глаголски времиња, именки, придавки, предлози и прилози во усна и писмена комуникација за изразување сопствено мислење, став или препорака;
4. комуницира со разбирање во различни ситуации поврзани со читањето и книгите, поставува и одговара на прашања, учествува во разговор и изразува личен став на културен и соодветен начин;

5. пишува краток, поврзан и разбирлив текст на граматички точен македонски јазик, во кој формулира мислење или препорака за прочитан текст или лик, користејќи соодветни сврзници и изрази за мислење (на пр. *мислам дека, според мене, ми се допаѓа затоа што*);
6. опишува и воочува сличности и разлики во вредностите, традициите и пораките во книги од различни култури.

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
|---|---|
| **а) Јазични функции**<br><br>• **Светот на книгите: Од авантура до наука**<br><br>*Јас сакам да читам авантуристички романи. Ликовите патуваат и доживуваат најразлични авантури.*<br><br>*Азра ми подари автобиографска книга. Прочитав за животниот пат на Григор Прличев во книгата „Автобиографија“.*<br><br>• **Книгата влијае на нашата креативноста и на нашата фантазија**<br><br>*Сакам да читам книги. Размислувам за содржината и патувам во непознати земји. Запознавам волшебници во непознатите земји.*<br>*Јас стекнувам знаења кои ми помагаат да ја развијам креативноста.*<br>*Мене ме инспирираше книгата „Хари Потер“ да ги замислам сцените и ликовите.*<br>*Кога ја читав, развививав визуелна фантазија. Преку приказната за магијата, ги согледав доброто наспроти злото и моќта и нејзините последици.*<br>*Ја прочитав приказната „Силјан Штркот“ од Марко Цепенков. Ја согледав трансформација на Силјан и ја* | • Разбира клучни информации од кратки аудио и усни текстови (разговори, интервјуа, читање дел од книга).<br>• Го препознава комуникативниот контекст (кој зборува, за што се зборува и со каква цел).<br>• Ги следи и разбира основните идеи и поважни детали во слушнат текст поврзан со читање и книги.<br>• Го препознава и разбира ставот или мислењето на соговорникот и соодветно реагира во разговор.<br>• Ги користи прашалните зборови (што, кој, каде, кога, зошто, како) во комуникативен контекст.<br>• Препорачува книга и кратко објаснува зошто му/ѝ се допаѓа, наведувајќи едноставни причини.<br>• Препознава главна мисла и детали во прочитани книги и текстови.<br>• Го објаснува значењето на поими и пократки цитати од даден текст со поддршка (прашања, насоки).<br>• Ја поврзува содржината на текстот со сопствени искуства и со елементи од сопствената култура.<br>• Го изразува своето мислење за прочитаните книги и ликовите со соодветна лексика.<br>• Користи соодветна лексика и фрази за изразување мислење за текст или цитат.<br>• Поставува прашања и одговара во интеракција со други ученици.<br>• Формира едноставни лични идеи и впечатоци врз основа на прочитан текст. |

| | |
|---|---|
| *разбрав моралната поука. Тој стекнува искуство што го менува засекогаш.*<br><br>• **Како книгите обликуваат знаење и карактер**<br><br>*Вредноста и моралот на луѓето зависат од образованието, религијата, културата, домашното воспитување и личното искуство.*<br><br>*Тие се важни за градење здраво општество.*<br>*Денес,  моралните вредности се подзаборавени.*<br>*Бледион чита книга и го збогатува јазикот.*<br>*Книгата ни помага да размислуваме, сочувствуваме и развиваме емпатија.*<br>*Албин другарува со книгата секој ден и го збогатува своето образование.*<br>*Добрата книга нѐ прави подобри луѓе.*<br><br>• **Размислување и ставови за прочитани книги**<br><br>*Пример:*<br>*Во книгата „Галебот Џонатан Ливингстон“, ме одушеви неговата желба за учење, како и стремежот кон совршенство. Тоа го прави да биде различен од другите, па дури и избркан од сопственото јато. Тој не се откажува. Џонатан успешно ги надминува менталните ограничувања и ги охрабрува другите да ги откријат своите патишта.*<br><br>• **Моите омилени книги и причини за читање**<br><br>Разговор во училница<br>Наставникот/Наставничката прашува: | • Препознава основни вредносни и етички пораки во книжевни текстови (пријателство, почит, толеранција). |

| | |
|---|---|
| – Ученици/ученички, што најмногу сакате да читате – книги, списанија, интернет-страници, стрипови?<br><br>Учениците/Ученичките одговараат:<br><br>– Најмногу сакам да читам книги за вистински настани затоа што учам од нив.<br>– Јас сакам стрипови бидејќи имаат слики и се интересни.<br>– Сакам да читам на интернет, таму има кратки текстови и вести.<br><br>Дијалог во библиотека<br><br>Ученик/Ученичка: Добар ден! Сакам да земам книга.<br>Библиотекар/Библиотекарка: Добар ден! Каква книга бараш – роман, поезија или нешто друго?<br>Ученик/Ученичка: Би сакал роман за тинејџери. Може ли да ми препорачате нешто лесно за читање?<br>Библиотекар/Библиотекарка: Да, оваа книга е многу интересна и лесна за читање.<br><br>Разговор со пријател<br><br>Ана: Што читаш денеска?<br>Милош: Еден краток роман.<br>Ана: Јас не читам често, ама кога читам, тоа се книги за љубов.<br>Милош: Јас повеќе сакам научна фантастика.<br><br>Интервју за училишниот весник<br><br>Новинар/Новинарка: Кога најмногу сакаш да читаш?<br>Ученик/Ученичка: Навечер, кога е тивко. | |

| | |
|---|---|
| Новинар/Новинарка: Што мислиш, зошто е важно младите да читаат?<br>Ученик/Ученичка: Читањето ни помага да зборуваме подобро и да разбереме различни луѓе.<br><br>Препорачај книга!<br><br>Јас препорачувам книгата *[наслов]* затоа што...<br>Најмногу ми се допадна ликот...<br>Книгата ме научи дека...<br><br>Онлајн разговор<br><br>Сара: Еј! Што читаш денеска?<br>Емир: Една приказна на македонски јазик. Малку ми е тешка, ама разбирам.<br>Сара: Јас читам блогови за музика. Многу се интересни!<br><br>Во книжарница<br><br>Купувач/Купувачка: Сакам книга за подарок.<br>Продавач/Продавачка: За кого е подарокот?<br>Купувач/Купувачка: За другарка која сака поезија.<br>Продавач/Продавачка: Земи ја оваа, има убави песни!<br><br>Активности за развивање свест за читањето и неговите придобивки<br><br>• **Денот на книгата одбележан во училиштето**<br><br>Зошто читам?<br><br>Читањето ме прави подобар човек. | |

- **Кампања „Читај со мене!“**

Ја препорачувам книгата... затоа што...
Ми се допадна затоа што научив...

- **Читателски клуб**

Кој лик ти се допадна најмногу?

Што научи од текстот?

Како се чувствуваше кога го читаше?

- **Проект: „Книга што го промени моето мислење“**

Ние, учениците/ученичките од втора година, на почетокот, преку разговор (интервју) ги изразивме нашите  ставови, чувства и мислења за книга што извршила одредено  влијание врз нас и при тоа, користевме соодветен вокабулар, сврзници и изрази. за да  го искажеме  нашето мислење. зеленото бриши го истото се кажува погоре

...........................................................................

На крајот, подготвивме  кратка презентација  за избраната книга што ни остави најсилен впечаток.

- **Соработка со локална библиотека**

Посета на локалната библиотека, разговор со библиотекарот/библиотекарката, спроведување интервју:  избришано мини

| | |
|---|---|
| Зошто луѓето треба да читаат?<br>Кои книги најмногу ги позајмуваат младите?<br><br>• **Недела на читањето – „Минута за книга“**<br><br>Што значи овој цитат?<br>Како се чувствуваше кога го слушна?<br><br>Покани родител или гостин – „Мојата омилена книга“<br><br>Интеркултурна и генерациска комуникација преку книжевност<br><br>Што ти се допадна во приказната?<br><br>Кои вредности и традиции ги препознаваш?<br><br>Дали имаш слични приказни во твојата култура?<br><br>Кои книги ти се допаѓаа кога беше млад?<br><br>– Ми се допаѓаа книги со авантура и многу хумор.<br><br>Што научи од тие книги?<br><br>– Научив да бидам храбар, да им помагам на другите и да сакам да учам.<br><br>Дали денес младите читаат доволно?<br><br>– Мислам дека денес младите читаат помалку затоа што користат многу телефони и компјутери. | |

| | |
|---|---|
| **б) Лексички единици**<br><br>**Именки:** наука, фантазија, вредност, култура, религија, креативност, разлика, јато, поддршка, упорност, добрина, зло, моќ, трансформација, емпатија, книга, страница, жанр, енциклопедија, пасус, глава, наслов, читател/читателка, наслов, писател/писателка, роман, расказ, стрип, детска книга, поезија, проза, биографија, библиотека, книжарница, читателски клуб, полица, став.<br><br>**Придавки:** интересен, прекрасен, фантастичен, досаден, лесен, историски, морален, реалистичен, сопствен, тежок, духовит, трогателен, поучен, забавен, познат, признат.<br><br>**Глаголи:** патува, размислува, изразува, објаснува, споредува, раскажува, прераскажува, чита, пишува, охрабрува, чита, прелистува, препорачува, позајмува, враќа, учи пишува, анализира, запишува.<br><br>**Прилози:** најмногу, успешно, повремено, денес, засекогаш , тука, овде, таму, горе, долу, надвор, далеку, внатре, лесно тешко, целосно, сериозно, правилно, гласно, јасно, доволно, малку, многу, повеќе, помалку, сега, секогаш, никогаш, ретко, често, денес, вчера.<br><br>**Сврзници**: бидејќи, зашто, и, па, значи, за да, кога, доколку, така што, иако, ако.<br>**Предлози:** без, во, в, врз, до, за, зад, заради, искрај, крај, кај (каде), како, кон, крај, меѓу, место, на, над, накај.<br><br>**Изрази:** Читам книги. Кога **ч**итам, сум смирен. Читам многу за да го збогатам речникот. Ќе ја прочитам книгата ако имам | • Ги препознава основните лексички единици (именки, глаголи, придавки) во даден текст.<br>• Препознава главни ликови, наслов и основен жанр на книга или текст.<br>• Го објаснува значењето на зборови и пократки цитати од текст со поддршка (прашања, насоки).<br>• Ја прераскажува содржината на кратки текстови со почитување на редоследот на настаните.<br>• Користи нови зборови и изрази во кратки реченици или дијалог поврзани со прочитаниот текст.<br>• Препознава морални пораки, карактерни особини и однесување на ликовите во текстот.<br>• Воочува и наведува сличности и разлики меѓу книги или ликови со едноставни примери.<br>• Составува кратки текстови, препораки или презентации за книга, користејќи соодветна лексика.<br>• Изразува свое мислење за лик, жанр или книга и го образложува со една или две едноставни причини.<br>• Формулира реченици со точна употреба на предлози при говорење и пишување.<br>• Користи соодветни прашални зборови при формулирање прашања во разговор и текст.<br>• Ја разбира и применува улогата на прилозите и предлозите за појаснување на дејството и збогатување на изразот.<br>• Ги препознава и активно користи нови зборови поврзани со книгата и читањето во различни комуникациски контексти (разговор, опис, препорака). |

| | |
|---|---|
| време. Доколку сакаш, ќе ти ја позајмам книгата. Учиме преку приказни**,** тоа е забавно.<br><br>Имаме нов проект „Читаме заедно“. Стекнуваме нови знаења и искуства. Ја разбрав содржината што ја прочитав. Не го знам значењето на зборот, **значи** треба да го побарам во речник. Имав доволно време за читање книги ова лето. Имам сопствемо мислење за тој дел од книгата. | |
| **в) Граматички структури**<br>**Фонетика**<br>Акцент – Примена на правила за третосложно акцентирање<br><br>**Глаголски времиња и форми**<br><br>• Сегашно време (*читам, учам, размислувам, патувам*)<br>• Минато определено несвршено време –имперфект (за разбирање, не нужно продукција: *читаше, патуваше*)<br>• Минато неопределено несвршено и свршено време (перфект): *сум прочитал, сум слушнал за таа книга*<br>• Минато определено свршено време – аорист (*прочитав, дознав, научив*) | • Ги применува правилата за третосложно акцентирање во усна комуникација при изразување мислење за книги и читање.<br>• Препознава сегашно, минато и идно глаголско време во изговорени реченици и во слушнат текст.<br>• Го разбира значењето на именките, придавките, предлозите и прилозите во контекст на слушнати текстови поврзани со книги и читање.<br>• Разликува директен и индиректен говор во слушнат и читан текст.<br>• Употребува сегашно, минато и идно време при опис на сопствени искуства со читањето.<br>• Користи можен начин за изразување лично мислење, желба или став.<br>• Разликува и употребува свршени и несвршени глаголски дејства во соодветен контекст. |

| | |
|---|---|
| • Идно време (*ќе ја прочитам, ќе одам во библиотека*)<br>• Можен начин (*би прочитал, би сакал да читам*)<br>• Заповеден начин (*прочитај, препорачај, кажи, објасни*)<br><br>*Пример:* Јас секој ден читам..., Лани прочитав..., Следната недела ќе ја прочитам..<br><br>*Пример:* Сум слушнал дека таа книга е многу добра. Би ја прочитал ако ја најдам. Препорачај ми нешто слично!<br><br>**Глаголски вид**<br><br>*чита – прочита, пишува – напиша, учи – научи, носи – износи, плива – доплива*<br><br>– Читав цел ден, но не ја прочитав книгата до крај.<br><br>**Именки, придавки и нивно согласување**<br><br>• Род и број на именките и придавките (*интересна книга, познат писател, убави приказни*)<br>• Степенување на придавки (*интересен – поинтересен – најинтересен*)<br>• Формирање именки од придавки и обратно (*авантурист – авантуристички*)<br>• Лични заменки (*јас, ти, тој, таа, ние, тие*)<br>• Присвојни заменски придавки (*мој, твој, наш, нивен*)<br>• Показни заменки (*оваа книга, тој роман, таа приказна*) | • Го користи заповедниот начин за да даде препорака или совет поврзан со читање или книга.<br>• Користи именки и придавки усогласени по род и број при опишување книги, автори и ликови, во усна и писмена комуникација.<br>• Употребува прилози за прецизирање време, место, начин и степен при усно изразување.<br>• Ги користи директниот и индиректниот говор во разговор, дијалог и раскажување.<br>• Пишува краток текст за книга, автор или лично искуство со читањето, со точна употреба на сегашно, минато и идно време.<br>• Употребува минато определено несвршено и свршено време, можен и заповеден начин во писмено изразување, мислење или препорака.<br>• Применува прилози и усогласени именки и придавки при пишување описи и кратки раскази.<br>• Пишува директен и индиректен говор правилно во дијалог или расказ.<br>• Ја приспособува употребата на граматичките структури (глаголско време, начин) според комуникативната ситуација (разговор со библиотекар/ка, соученик/чка, наставник/чка).<br>• Го препознава значењето на граматичките форми во даден текст и ги поврзува со комуникативната цел (време, начин, став). |

| | |
|---|---|
| **Прилози и нивна употреба**<br><br>• За начин: *лесно, тешко, правилно, гласно*<br>• За време: *денес, секогаш, понекогаш, ретко*<br>• За место: *овде, таму, внатре, надвор*<br>• За количество/степен: *многу, доволно, малку, премногу*<br><br>Јас прочитав книгата многу брзо. Секогаш читам навечер.<br><br>Директен и индиректен говор<br><br>Тој рече: „Ми се допаѓа оваа книга.“<br><br>Тој рече дека му се допаѓа таа книга. | |
| **Читање со разбирање и пишување**<br><br>*Најмногу сакам да читам...*<br><br>Изразување мислење за омилени жанрови<br><br>Читање и изразување: Пишување краток текст за омилената книга | • Точно ги изговара, пишува и применува новонаучените лексички единици, правилно ги употребува интерпункциските знаци и применува соодветна реченична интонација.<br>• Одговара на прашања поврзани со слушнат и/или прочитан текст.<br>• Ја прераскажува содржината на краток текст користејќи позната лексика и познати граматички структури.<br>• Разбира и објаснува главна идеја и разменува мислења за информации од даден текст.<br>• Јасно изразува личен став за даден лик или за одредена тема.<br>• Го поврзува прочитаниот текст со сопствено искуство.<br>• Пишува краток текст со јасна структура (вовед, главен дел, заклучок) и користи соодветна лексика и јазични структури. |

**Примери за активности:**

**Индивидуални активности:** Учениците/ученичките самостојно водат дневник за читање, во кој ги бележат прочитаните книги, главните идеи од прочитаното и влијанието на книгата врз нивното размислување и ставови. На тој начин, учениците/ученичките јасно го изразуваат сопствениот став за прочитаната книга, користејќи соодветна лексика и јазични структури.
Дополнително, учениците/ученичките изработуваат кратка презентација за влијанието на нивната омилена книга, при што ги развиваат истражувачките и презентерските вештини и вежбаат јасно и разбирливо усно изразување.

**Квизови:** Поделени во мали групи, учениците/ученичките се натпреваруваат во квиз со задачи од типот „поврзи ги речениците", со цел да се добие точен и логички поврзан исказ.
Преку ваквиот тип задачи, учениците/ученичките го проверуваат разбирањето на текстот, како и правилната употреба на лексиката и граматичките структури.
Дополнително, се реализира квиз во дигиталната алатка Kahoot, во кој учениците/ученичките индивидуално ги проверуваат своите знаења поврзани со читањето, разбирањето на текстот и јазичната точност.

**Креативни активности:** Учениците/ученичките гледаат краток филм или видео-материјал поврзан со прочитана книга и разговараат за неговата содржина, издвојувајќи ги клучните делови и пораките. Поделени во групи, учениците/ученичките изработуваат постер или визуелна најава за проект поврзан со книгата и потребата од постојано читање, при што користат соодветна лексика и креативни изразни средства. Преку оваа активност, учениците/ученичките го развиваат креативното мислење, визуелната писменост и јазичниот израз.

**Практични активности:** Учениците/ученичките прават едноставна анализа за тоа колку учениците читаат, какви видови книги читаат и дали читањето има влијание врз креативноста, образованието и воспитанието, со акцент на развојот на јазичните компетенции. Преку оваа активност, учениците/ученичките вежбаат читање и разбирање различни текстови, издвојување клучни информации и нивно јасно и прецизно изразување во усна и писмена форма.
Работејќи во групи, учениците/ученичките ги препознаваат и дискутираат причините за намалениот или зголемениот интерес за читање. Во текот на дискусиите, учениците/ученичките формулираат граматички точни реченици, применуваат соодветни глаголски форми, правилно членувани именки и описни придавки за прецизно изразување на своите согледувања.
Како завршен дел, учениците/ученичките подготвуваат кратки извештаи или резимеа, во кои систематски ги изразуваат своите заклучоци, почитувајќи ги правилата за кохерентно и логично поврзано изразување. Секоја група усно презентира извештај, користејќи јасен и разбирлив јазик и соодветна терминологија поврзана со влијанието на книгите врз креативноста, воспитанието и образованието.

**Симулации и играње улоги:** Учениците/ученичките организираат и реализираат симулација на кампања за поттикнување на читањето книги.

Поделени во групи, учениците/ученичките преземаат различни улоги: координатори на кампањата, волонтери, претставници на медиумите и членови на заедницата.

Преку оваа активност, тие развиваат јазични компетенции за јавно говорење, комуникација и изразување ставови во формални и неформални ситуации.

Учениците/ученичките составуваат говори, пораки и постери, користејќи соодветен вокабулар и јазични структури.

Во текот на активноста, учениците/ученичките вежбаат формално и неформално обраќање, поставување прашања и одговарање, како и јасно и убедливо изразување на мислења.

Активноста завршува со презентација на сценаријата и дискусија, при што се дава повратна информација за употребата на јазикот, јасноста и разбирливоста на изразувањето.

Тема: ***СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ КАКО ПРОСТОР ЗА ЛИЧЕН РАЗВОЈ И ИЗРАЗУВАЊЕ***

Вкупно часови: **22**

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде оспособен/-на да:

1. ги препознава и применува основните граматички категории (род, број, време, лице) кај соодветните зборовни групи во усна и писмена комуникација;
2. применува соодветен вокабулар во прости и сложени реченици во контекстуализирани ситуации поврзани со хоби и слободно време;
3. составува граматички и значенски точни реченици, користејќи глаголи во соодветно време и лице;
4. препознава и функционално користи прашални зборови и изрази, при што формира различни типови прашални реченици во зависност од комуникативната ситуација;
5. ја објаснува и применува улогата на предлозите и другите делови на реченицата при опишување активности, хобија и слободно време, користејќи соодветен вокабулар;
6. го изразува своето мислење, став и емоции поврзани со одредено хоби, со едноставно образложение, користејќи соодветни зборови и изрази;
7. развива свесност за важноста на слободното време и ја изразува таа свесност преку усни и писмени искази.

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување** |
| --- | --- |

| | |
|---|---|
| **а) Јазични функции**<br><br>**Лични интереси и навики**<br>Моето омилено хоби<br>Како го поминувам слободното време<br>Што сакам / не сакам да правам<br>Хоби кое би сакал/а да се обидам<br>Каде и со кого најчесто го поминувам слободното време<br><br>*Што правиш најчесто во слободното време? Дали имаш хоби? Кое е твоето хоби? Моето хоби е ... Најчесто сакам да ...*<br><br>**Спорт и рекреација**<br>Омилен спорт / спортист<br>Тимски или индивидуални спортови<br>Придобивки од физичката активност<br><br>*Кој е твојот омилен спорт? Што сакаш повеќе, тимски или индивидуални спортови? Јас сакам атлетика и трчање.*<br>*Мојата сестра сака кошарка. Спортот ми помага да живеам здраво.*<br><br>**Креативни активности**<br><br>Цртање, сликање, пишување, музика<br>Хоби поврзано со уметност или занаетчиство<br>Хоби кое помага да се изразиме | • Ги препознава и употребува новите зборови поврзани со темата хоби и слободно време.<br>• Употребува нови зборови во реченици за опис на своето омилено хоби.<br>• Ги објаснува активностите поврзани со хоби и слободно време, користејќи соодветен и познат вокабулар.<br>• Го објаснува значењето на помалку познати зборови и изрази поврзани со темата, со поддршка (пример, објаснување).<br>• Поставува и одговара на прашања во дијалог за хоби, спорт, креативни активности, патувања, дружења и посета на настани.<br>• Објаснува планови за викенд и слободно време, користејќи соодветни глаголски форми.<br>• Набројува и опишува социјални активности и сопствено учество во нив (дружење, игри, настани, клубови, доброволна работа).<br>• Ги набројува и опишува омилените активности во слободното време со јасни и граматички точни искази.<br>• Парафразира искуства поврзани со дружење, волонтирање и слободно време.<br>• Опишува колку одредена социјална активност му/ѝ е значајна и зошто.<br>• Парафразира информации поврзани со хоби и слободно време од краток слушнат или прочитан текст. |

| | |
|---|---|
| *Дали се занимаваш со некоја креативна активност? Дали сакаш да создаваш нови работи? Дали пишуваш? Дали црташ или сликаш?*<br>*Јас сакам да правам кукли од хартија според оригами техниката. Во мојот клас изработуваме колажи од рециклирана хартија.*<br><br>**Културни и медиумски навики**<br><br>Гледање филмови, читање книги, слушање музика<br>Омилен филм / книга / пејач<br><br>*Која музика е твоја омилена? Колку често во слободното време слушаш музика? Дали следиш филмови? Кој жанр го сакаш најмногу? Зошто?*<br>*Мојa омилена музика е џезот/рапот/ рокот/поп-музиката...*<br>*Омилена актерка ми е ...за остварувањето во филмот ....*<br>*Следам Оскар/Еми/ Глобус.*<br><br>**Патувања и викенд-активности**<br><br>Каде одам за викенд<br>Планови за одмор<br>Излети во природа<br>*Следува викенд. Како планираш да го поминеш? Каде одиш за викенд?*<br>*Ги посетувам баба ми и дедо ми, средувам во дворот, се јавувам кај пријатели за кои немам време да ги слушнам поради обврски со учењето и спортот. Планирам излет во Маврово.*<br><br>**Социјални активности** | |

| | |
|---|---|
| Дружење со пријатели<br>Игри, настани, прослави<br>Доброволна работа / клубови / групни активности<br><br>*Дали сакаш да се дружиш надвор? Каде најчесто? Дали се тоа некои клубови или кафулиња? Какви настани посетуваш во слободно време?*<br>*Дали волонтираш некаде? Каква работа е тоа?*<br><br>**Дигитално слободно време**<br>Користење на интернет, социјални мрежи, видео-игри<br><br>*Кои се се омилените содржини кои ги користиш на интернет?*<br><br>Баланс меѓу онлајн и офлајн активности<br>*Колку време поминуваш на различни апарати: телефон, лаптоп, таблет?*<br>*Сара сака да седи по неколку часа. Сефо седи само еден час во денот. Разликата е голема.*<br><br>Екрани и хоби<br>*Во кои случаи екранот со кој се дружиме може да биде хоби?* | |
| **б) Лексички единици**<br>**Именки:** време, навика, активност, план, хоби, планина, река, шума, птица, година, викенд, успех, задоволство, спорт, спортист, тим, индивидуални спортови, атлетика, трчање, кошарка, придобивки, физичка активност, интерес, музичар, дизајнер, писател, новинар, блогер, програмер, | • Разликува лексички категории (именки, придавки, глаголи, прилози) при читање и слушање текстови поврзани со темата.<br>• Употребува соодветен вокабулар (глаголи, именки, придавки и прилози) поврзан со темата хоби и слободно време. |

| | |
|---|---|
| професија, филм, актер, фотографија, процес, личност, внимание, спорт, играч, доверба, слика, апарат, мрежа.<br>**Глаголски именки:** пливање, спортување, шетање, планинарење, слушање, гледање, играње, уживање.<br>**Глаголски придавки**: станат, шетан, гледан, игран.<br>**Придавки:** омилен, добра, тимски, убави, социјална, креативен, различен, дигитален, важен забавен, здрав.<br>• **Глаголи:** поминува, чувствува, сака, шета, допаѓа, слуша, поминув, помага, изразува, занимава, може, носи, запознае, свири, црта, пишува, игра, готви, слика, гледа, прави, импресионира, бара, учи, одвојува, организира, задржи, соработува, слуша, гради.<br>• **Сврзници и предлози**: и, да, дека, во, , на, за, со, како, преку, во, за, со, од, по, под, надвор, меѓу.<br>• **Прашални зборови и изрази**: дали, како, кој. | • Го проширува активниот речник преку предложените тематски целини и ги користи новите зборови во комуникација.<br>• Ги употребува глаголите во соодветно време и лице во усна и писмена комуникација.<br>• Ги користи предлозите на соодветно место и со соодветна функција во реченицата.<br>• Препознава и комбинира зборови поврзани со темата и составува реченици или краток усен исказ. |
| **б) Граматички структури**<br>**Морфологија**<br>Нелични глаголски форми: глаголска именка (несвршен глагол и наставка -ње); глаголска придавка (н, на,но, ни и т/та/то/ти)<br><br>**Примери:**<br><br>*Во слободното време, сакам играње на на убава музика.*<br>*За време на викендите ми се допаѓа дружење со пријателите.*<br>*Гледањето на филмови ми е омилено хоби.*<br>*Редовното спортување го одржува телото здраво.* | • Користи граматички точни реченици, со правилна употреба на глаголските времиња и со соодветно согласување на именските зборови по род и број.<br>• Препознава глаголска именка и ја објаснува нејзината функција во реченицата.<br>• Применува глаголска именка во едноставни реченици и кратки искази.<br>• Ја разликува функцијата на глаголските придавки во реченица и ги употребува во соодветен контекст.<br>• Правилно употребува броеви во различни комуникациски ситуации (опис, набројување, време, редослед).<br>• Ги препознава граматичките категории на броевите и ги применува нивните основни форми со можните отстапки во говорење и пишување. |

| | |
|---|---|
| *Не сум шетан таму.*<br>*Јас сум импресиониран од таа песна.*<br>*Тој меч е добро организиран.*<br><br>Броеви –граматички категории<br>*Пр.*<br>***Еден** ученик стоеше до прозорецот.*<br>***Една** фотографија ми недостасува во албумот.*<br>***Едно** дете ме препозна.*<br>***Едни** луѓе зборуваат за моите фотографии.*<br>*Ана гледаше **два** филма во кино.*<br>*Јас прочитав **две** книги од омилениот автор.*<br>*Хана ги подготви подготви **десетте** фотографии за изложба. Ќе учествуваат **десетина** фотографи на изложбата.*<br>Заменки (видови заменки)<br>*Пр.*<br>*Јас фотографирам природа секој ден. По една фотографија на ден. Со мене доаѓа и мојата пријателка Рита. Таа фотографира по десет фотографии. Фотографиите се прекрасни и пет од нив ќе пратиме на награден конкурс.* | |
| **Читање со разбирање и пишување**<br><br>• Слушање и читање текстови со соодветна лексика и со посложена граматичка структура.<br>• Пишување текстови | • Чита и разбира текстови на тема хоби и слободно време (описни, информативни, лични приказни, интервјуа, блог-записи).<br>• Препознава главна идеја и поважни детали во прочитан текст.<br>• Применува правилно акцентирање при гласно читање.<br>• Поставува и одговара на прашања поврзани со прочитан текст, користејќи прашални зборови (кој, што, кога, зошто, како). |

| | |
|---|---|
| | • Пишува краток текст, опис или состав на тема хоби и слободно време, користејќи соодветна лексика.<br>• Пишува јасно и поврзано, со употреба на сврзници (и, затоа, кога, бидејќи, со, на и др.).<br>• Ги почитува правилата за правилно пишување и ја применува интерпункцијата во пишаниот текст.<br>• Создава различни типови текстови на иста тема: описен текст, расказ, кратко интервју, дијалог или блог-запис. |

**Примери за активности:**

**Индивидуални активности:**

- Секој ученик/ученичка ги презентира најважните информации за хобито што го практикува. За презентацијата може да користи дигитална презентација, цртеж, краток писмен состав или друг соодветен визуелен материјал. Преку активноста, ученикот јасно го изразува своето мислење и користи соодветен вокабулар поврзан со темата.
- Секој ученик/ученичка креира лична листа од три до пет нови активности што би сакал/-а да ги практикува како хоби во иднина. При споделувањето на листата, ученикот/ученичката со една до две реченици ги опишува активностите и објаснува зошто ги избрал/-а.

**Квизови:**

- Учениците/ученичките решаваат квиз со искази поврзани со темата хоби и слободно време, при што одговараат со *вистинито/лажно*.
  По завршувањето на квизот, следи заедничка дискусија за дадените одговори.
- На пример, за исказот: *„Со спортување се подобрува расположението.“* учениците/ученичките го образложуваат својот одговор, користејќи соодветен вокабулар и јасни реченици.

**Креативни активности:** Учениците/ученичките изработуваат предмети поврзани со различни вештини, како што се цртежи, оригами, алки или други творби по избор.
Секој ученик/ученичка објаснува како ја изработил/-а творбата, кои материјали ги користел/-а и зошто токму таа активност му/ѝ претставува омилено хоби.

**Практични активности:** Учениците/ученичките спроведуваат интервју со наставници во училиштето на тема *„Моето хоби“*. Секој ученик интервјуира различен наставник и ги споделува одговорите пред класот, прераскажувајќи ги добиените информации со јасни и граматички точни искази.

**Проектни активности:** Учениците/ученичките организираат изложба во училиштето со творби и производи кои се резултат на различни хобија. Преку изложбата, учениците ги презентираат своите активности, ги објаснуваат процесите на изработка и ја истакнуваат важноста на хобито во секојдневниот живот.

## ИНКЛУЗИВНОСТ, РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ/СЕНЗИТИВНОСТ И ИНТЕРКУЛТУРНОСТ

Наставниците во гимназиското образование поттикнуваат инклузивност преку обезбедување активно вклучување на сите ученици во наставните активности. Соодветно ги адаптираат методите на работа за да одговараат на различните когнитивни и емоционални потреби на учениците, користејќи пристапи како индивидуализација, диференцијација, тимска работа и соученичка поддршка. При работа со ученици со попреченост, наставниците применуваат индивидуални образовни планови кои вклучуваат прилагодени резултати од учење и стандарди за оценување и овозможуваат дополнителна поддршка од образовни асистенти, медијатори, тутори-волонтери и професионалци од ресурсните центри.

Редовното следење на напредокот на учениците, особено оние од ранливите групи, е од суштинско значење. Наставниците навремено ги идентификуваат евентуалните тешкотии и обезбедуваат насоки за нивно надминување, притоа создавајќи поддржувачка средина за постигнување на резултатите од учењето. Овој пристап не само што ги поттикнува академските постигнувања, туку и ја гради самодовербата на учениците и нивното чувство на припадност.

Во промовирањето на родова рамноправност, наставниците внимаваат да не се поттикнуваат стереотипни родови улоги при организирање на активностите. При формирањето групи за работа или доделувањето задачи, наставниците обезбедуваат рамнотежа помеѓу момчињата и девојчињата, додека при користењето примери, текстови и илустрации ја поддржуваат родовата сензитивност и ги поттикнуваат учениците да ги надминат родовите стереотипи. Наставниот процес е осмислен така што родовата еднаквост и етничката/културната сензитивност се природен дел од сите активности, особено преку користење, секаде каде што е можно, материјали и содржини кои промовираат интеркултурализам и меѓуетничка интеграција.

Наставниците ги воведуваат учениците во различни културни перспективи преку активности кои промовираат почитување на различностите во сите можни ситуации. Ова им овозможува на учениците да развијат свест за интеркултурно разбирање и соработка, што е основа за создавање и развој на кохезивно, хармонично општество.

## ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

За да овозможи учениците/ученичките да ги постигнат очекуваните стандарди за оценување, наставникот/наставничката постојано ги следи активностите на учениците за време на поучувањето и учењето и собира информации за напредокот на секој/а ученик/ученичка. За учеството во активностите, учениците/ученичките добиваат повратна информација во која се укажува на нивото на успешност во реализацијата на активноста/задачата и се даваат насоки за подобрување (формативно оценување). За таа цел, наставникот/наставничката ги следи и оценува:

- усните одговори на прашањата поставени од наставникот/наставничката поврзани со сите теми и апекти во темата: лексиката, јазичните функции и граматичките структури во комуникациски контекст;
- индивидуалните активности, како што се работата врз текст и неговата анализа, работата со наставно или работно ливче;
- учеството во разговори поврзани со активности за читање со разбирање;
- учеството во квизови, асоцијации, натпревари во групи на часот и слично;
- презентациите на различни теми поврзани со различни теми и аспекти од Програмата;
- учеството во практични активности, симулации и драматизации;
- говорите на одредени теми кои се поврзани со Програмата;
- домашните задачи;
- учеството и ангажираноста во активности, дискусии, тимска работа;
- учеството во креативните активности.

По завршување на учењето на секоја тема, ученикот/ученичката добива бројчена сумативна оценка за постигнатите стандарди за оценување. Сумативната оценка се изведува како комбинација од резултатот постигнат на тест за оценување на знаењето во комбинација со оценката за напредувањето добиена преку различните техники за формативно оценување. Во текот и на крајот од учебната година, ученикот/ученичката добива бројчени оценки.

| | |
|---|---|
| **Почеток на примена на Наставната програма** | Учебна 2026/2027 година |
| **Институција/<br>Носител на програмата** | Биро за развој на образованието |
| **Согласно член 21 став 3 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16 и 67/17, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20, 78/25 и 132/25), министерката за образование и наука ја донесе наставната програма по предметот *Македонски јазик за учениците од другите заедници* за II (втора) година гимназиско образование** | бр. 13-16001/2<br><br>19.12.2025 година<br><br>Министерка за образование и наука,<br>проф. д-р Весна Јаневска, с.р.<br><br>______________________________ |